20262524585

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48-а став 1 точка 5 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), член 131, член 139 став 1 точка 1 и став 2 и членовите 140, 141, 142 и 143 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 122/21 и 37/25), Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 1.11.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се воведува администрација во „АЛТА банка“ АД Битола, поради тоа што се настанати околности кои можат сериозно да ја загрозат солвентноста на „АЛТА банка“ АД Битола.

2. За администратори во „АЛТА банка“ АД Битола се именуваат лицата Илија Андовски, Весна Стојчевска и Марија Тодоровска, вработени во Народната банка на Република Северна Македонија.

3. Администрацијата се воведува за период од 3 (три) месеци, сметано од денот на доставувањето на Решението до „АЛТА банка“ АД Битола.

4. Администраторите ги преземаат сите надлежности на Надзорниот одбор и Управниот одбор, како и надлежностите на Собранието на акционери на „АЛТА банка“ АД Битола, освен надлежноста за донесување одлука за зголемување на капиталот на Банката.

Членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор, како и другите лица со посебни права и одговорности во Банката, се должни на администраторите да им овозможат пристап до целокупната документација на Банката и да им ги достават сите потребни информации и дополнителни извештаи за работењето на Банката.

5. Администраторите при извршувањето на надлежностите утврдени согласно Законот за банките и ова Решение, имаат пристап и контрола над деловните простории, имотот, трговските книги и целокупната документација на „АЛТА банка“ АД Битола и се должни да преземат активности за заштита на имотот и документацијата на Банката.

6. Доколку администраторите на кој било начин бидат спречени да влезат во деловните простории на „АЛТА банка“ АД Битола, пристапот ќе се обезбеди со помош на Министерството за внатрешни работи.

Администраторите имаат право да го отстранат секое лице кое ја попречува нивната работа, а кога е потребно, можат да побараат помош и од Министерството за внатрешни работи.

7. Администраторите се должни при вршењето на својата работа да се придржуваат кон законите и другите прописи, како и да работат врз основа на писмените упатства и насоки дадени од страна на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија.

8. Администраторите имаат еднакви овластувања.

Се овластува администраторот Илија Андовски да ги потпишува одлуките кои произлегуваат од воведената администрација.

9. Во периодот на траење на администрацијата, на „АЛТА банка“ АД Битола ѝ се ограничува давањето на платежни услуги, на начин што:

Се забранува извршување на сите одливни плаќања кон странство, со исклучок на трансакции во согласност со писмените упатства и насоки дадени од страна на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија.

Одливните трансакции за физички лица во земјата се ограничуваат на износ најмногу до 10.000 денари по клиент кумулативно, во период од една календарска седмица, со исклучок на трансакциите за плаќање на други лица коишто имаат платежни сметки во Банката и за измирување на обврски кон Банката.

Се забрануваат одливните трансакции за сите правни лица, освен за оние коишто вршат плаќање на други лица коишто имаат платежни сметки во Банката и за измирување на обврски кон Банката.

Сите дадени платни налози со идни датуми, издадени до приемот на ова решение се ништовни.

Се забрануваат одливни трансакции кон лица врз основа на донесени позитивни кредитни предлози за одобрени кредитни изложености, одобрување на нови кредитни изложености и пролонгирања на веќе одобрени кредитни изложености.

10. Со денот на доставувањето на ова решение до „АЛТА банка“ АД Битола, плаќањата на општи и административни трошоци неопходни за непречено функционирање на Банката се извршуваат единствено со одобрение и само по налог потпишан од администраторите.

11. Не се дозволува исплата на депозити пред нивниот рок на достасување.

12. Со денот на доставувањето на ова решение до „АЛТА банка“ АД Битола, решенијата за присилна наплата и другите платни инструменти коишто се користат за да се иницира платен налог на товар на сметка на Банката, а кои ќе се достават до Народната банка на Република Северна Македонија, Народната банка само ги евидентира и ги враќа до подносителот во рок од три дена и за истото ја известува Банката.

13. Со денот на доставувањето на ова решение до „АЛТА банка“ АД Битола, решенијата за присилна наплата и другите платни инструменти на товар на сметки што ги водела Банката, а кои ќе се достават до Банката, се евидентираат и се враќаат до подносителот во рок од три дена.

14. Администраторите се должни во рок од 21 ден од денот на нивното именување, да ја утврдат состојбата во „АЛТА банка“ АД Битола и по истекот на овој рок до Извршниот одбор на Народната банка да достават извештај за состојбата во Банката.

15. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку еден дневен весник и ќе се достави за упис во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решението на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија бр. 15-27777/10 од 1.9.2025 година, на „Алта банка“ АД Белград, Република Србија ѝ беше издадена претходна согласност да се стекне со 100% од обичните акции со право на глас во „Стопанска банка“ АД Битола (сега: „АЛТА банка“ АД Битола). Со состојба на 22.10.2026 година, „Алта банка“ АД Белград поседува 372.742 обични акции што претставуваат квалификувано учество од 95,336% од вкупниот број на акции во „АЛТА банка“ АД Битола.

Врз основа на добиениот документиран доказ односно јавно објавените соопштенија од 30.10.2026 година и 31.10.2026 година дека надлежниот супервизорски орган - Народната банка на Србија на 30.10.2026 година донела одлука за одземање на дозволата за работа на „Алта банка“ АД Белград, со истовремено донесување на одлука за исполнување на

условите за поведување стечајна постапка над оваа банка, се утврди дека „Алта банка“ АД Белград не го исполнува условот за акционер со квалификувано учество во „АЛТА банка“ АД Битола од членот 13 став 2 точка 5 од Законот за банките. Поради тоа, со Решението на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија бр.15-35240/1 од 1.11.2026 година, повлечена е согласноста на „Алта банка“ АД Белград за стекнување 100% од обичните акции со право на глас во „АЛТА банка“ АД Битола, издадена со Решението на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија бр. 15-27777/10 од 1.9.2025 година.

Одземањето на дозволата за работа на „Алта банка“ АД Белград и повлекувањето на согласноста за стекнување квалификувано учество во „АЛТА банка“ АД Битола може да има значајно влијание и импликации врз континуитетот на работењето на Банката, од аспект на идна капитална поддршка за Банката и функционирање на органите на Банката.

Наведените околности можат да влијаат врз капиталната/солвентната позиција. Дополнително, повлекувањето на согласноста на „Алта банка“ АД Белград за стекнување квалификувано учество во „АЛТА банка“ АД Битола може да ја наруши репутација на Банката во јавноста и довербата од доверителите. Поаѓајќи од потребата да се обезбеди заштита на доверителите и да се спречи обезвреднување на имотот на Банката и нарушување на нејзината сигурност и стабилност, како и да се заштити репутацијата на Банката, се одлучи да се воведе администрација.

Имајќи го предвид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Решението е конечно.
Против ова решение може да
се поведе управен спор со
поднесување тужба до Управниот суд,
во рок од 30 дена од денот
на приемот на Решението.

Гувернер
и претседавач на Извршниот
одбор на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Бр. 15-35241/1
1 ноември 2026 година
Скопје